РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-492/1
27-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-1116/1 од 20.03.2025 година, во која се изнесени наводи против градоначалникот на Општина --------------, ---------------, во врска со поднесена иницијатива за изработка на урбанистички план врз основа на Јавен повик бр.--------/--- од --------------- година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1116/1 од 20.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1116/1 од 20.03.2025 година е оформен по пријава поднесена од подносителот Андреја Радиновски, во која се изнесени наводи против градоначалникот на Општина --------------, -------------------, во врска со поднесена иницијатива за изработка на детален урбанистички план за дел од --------- - локалитет-дел од урбан блок 25 урбана единица 3, Општина -------------, врз основа на јавен повик објавен од страна на Општина ---------------- на ден -------------- година.
Во пријавата се наведува дека на 13.04.2017 година подносителот добил известување од страна на општината дека била прифатена неговата иницијатива, при што било пристапено кон изработка на потребната документација потребна за градење од лиценцирано правно лице. Од денот на прифаќање на неговата иницијатива до

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

поднесување на пријавата до ДКСК поминале повеќе од 8 години, но подносителот не бил известен за преземените активности од страна на општината во неговиот случај.

Со цел утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, Државната комисија достави барање за доставување на информации до Општина -------------.

Од доставениот одговор ДКСК утврди дека на ден 13.04.2017 година, Општина ------------ го известила подносителот дека Иницијативата за изработка на Детален урбанистички план за дел од -------------- - локалитет-дел од урбан блок 25 урбана единица 3, Општина -----------, поднесена од негова страна како приватна иницијатива била прифатена и дека средствата за изготвување на потребната документција за прифатената иницијатива потребно е да ги обезбеди самиот подносител, но истиот нема постапено согласно закон и нема доставено потребна документација заради натамошно постапување. Во одговорот е наведено дека подносителот е потребно повторно да се обрати до општината заради утврдување на потребните натамошни дејствија за постапување по предметната инцијатива.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК